Број на Службен весник: 236/2022
Број на одлука на Уставен суд (У.бр.): /
Датум на објава на Службен весник: 07.11.2022

# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ

## Член 1

Во Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија" број 99/19 и 220/19), членот 95 се менува и гласи:

„(1) Платата на припадникот на затворска полиција се состои од следниве компоненти:
- основна компонента и
- исклучителна компонента.

(2) Основната компонента на плата ја сочинуваат:
- минимална плата,
- дел на плата за степен на образование,
- дел на плата за ниво и
- дел на плата за стаж.

(3) Минималната плата е онаа која министерот за труд и социјална политика, ја објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ согласно со закон.

(4) Делот на плата за степенот на образование, кој е законски миниум за соодветното ниво на работното место се вреднува на следниов начин:

НИВО НА КВАЛИФИКАЦИИ/ ОБРАЗОВАНИЕ

- Ниво на квалификации VI А, 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен 56 бодови,
- Ниво на квалификации VI Б или 180 кредити според ЕКТС 31 бодови,
- Ниво на квалификации V А, 60 до 120 кредити според ЕКТС или вишо образование 11 бодови,
- Ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование 11 бодови.

(5) Делот на плата за нивото на кое е распореден припадникот на затворската полиција се вреднува на следниов начин:

НИВО БОДОВИ
Б1 - заповедник 323
Б2 - заменик - заповедник 233
Б3 - главен командир 172
Б4 - командир 106

В1 - помошник - командир 71
В2 - соработник во затворска полиција 56
В3 - помлад соработник во затворска полиција 25
Г1 - виш затворски полицаец 15
Г2 - постар затворски полицаец 10
Г3 - затворски полицаец и 5
Г4 - помлад затворски полицаец 1

(6) Делот на плата за работниот стаж на припадникот на затворската полиција се вреднува во износ од 0,5% од збирот на минималната плата, делот на плата за степен на образование и делот на плата за ниво, за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.

(7) Вредноста на бодот за платите на припадниците на затворската полиција се утврдува секоја година со одлука на Владата на Република Северна Македонија на предлог на министерот за правда, по претходно добиено мислење од Министерството за финансии, која се донесува во рок од десет дена од денот на влегувањето во сила на Буџетот на Република Северна Македонија.

(8) Исклучителната компонента ја сочинуваат:

- додаток на плата за посебни услови за работа,

- додаток на плата за ноќна работа, работа во смени и прекувремена работа.“.

**Член 2**

Одредбите од членот 1 од овој закон ќе се применуваат од март 2022 година.

**Член 3**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.